РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 05.08.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 3402/1 | | |


**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор: редовен**

2. **Субјекти на надзорот:**

- Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци;
- Друштво за производство трговија и услуги ИП СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово;
- Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ-Л-НЕТ с.Лабуништа Струга ДООЕЛ; и
- Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 05 август 2024 година.

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според која „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис“.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во целост исполнета кај петте оператори на јавни електронски комуникациски мрежи опфатени со надзорот.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**